

# Р. ЦВЕТКОВСКИ

фотографии: ДУШКО ИЛИЕВСКИ
фото студио: "ВИДЕОРАМА"

" СЛИКА - IX "
масло на платно

Ликовната дејност на Роберт Цветковски е тесно поврзана со културниот живот на Крива Паланка и нејзиниот културен спецификум-Меѓународната ликовна колонија Свети Јоаким Осоговски. Меѓутоа, неговото ликовно творештво според своето значење со сигурност ги надминува локалните рамки и со благородно воздејство се приопштува кон поширокиот мултикултирен простор.

Денес, неговиот сликарски опус профилира млад и талентиран сликар со изграден самосвоен и автохтон сликарски израз неодминлив заради амбивалентната имагинација и впечатливата естетика на сликарскиот ракопис.

Во првите две фази од неговото сликарство 1989-1995 година, е нагласен творечкиот немир со извонреден експресионистички замав низ кој постепено се напушта фигурата и се апстрахираат асоцијативните конотации.

Сликарската фаза од 1995 до 1997 година, го нагласува присуството на фигуративните претстави во кои цртежот низ латентна експресија пулсира со интензитетот на бојата. Структурата на сликата ткае необично и асоцијативен внатрешен свет кој на својствен начин ги истражува седиментите на сложената духовна архитектоника, со тежнение да ја спои сликарската душа со универзалната космичка димензија. Низ тој порив на трагање по сопственото сликарско кредо кое не стивнува во ниеден момент, Цветковски во последните ликовни рожби од 1997 година наваму со промисла на автохтона ликовна естетика ја апстрахира експресијата редуцирајќи ја фигурата. Низ тој чин на допир помеѓу уметникот и материјата се апстрахира и бојата на нужни премисли со кои се потенцира истражувањето во кое таа не е цел за себе. Оттука, односот кон материјата се гради низ експериментирање и примена на нова технолошка постапка која е карактеристична за новата естетика на постмодернистичката уметност.

Цветковски со талент и промисла ги сублимира низ синтеза надворешните ликовни влијанија надградувајќи ги а новите технологии допирајќи ги до точката во која сопствената имагинација е во прв план. Таа синтеза повеќе наликува на внатрешно бранување кое пред набљудувачот отвора загатки но и естетика на восхит во која духовниот амалгам на уметноста и животот силно се чувствуваат низ сликарската одисеја која од платната продолжува да трае во нашите души.

*Јордан Михајловски*

Robert Cvetkovski work of fine arts is closely connected to the cultural life in Kriva Palanka and its cultural specific quality-The International Colony of Fine Arts "St. Joakim Osogovski". However, his work of fine arts, according to its importance, is surely, above the local frames and with its noble influence it communicates with the broader multicultural space.

Today, his pictorial opus profiles a young and talented painter with self-contained and inherent pictorial expression that is inescapable because of the double-valued imagination and impressive aesthetics of the pictorial script.

In the first two phases of his painting, 1989-1995, the creative disturbance, with its incredible expressionistic stroke through which the figure gradually disappears and the associative inner world which in its peculiar way explores the sediments of the complex spiritual architecture, with a tendency to connect the painter's soul to the universal cosmic dimension. Through that impulse of searching for his own creed that is not going down, Cvetkovski in his last artistic creations, from 1997 up to now, with the forethought of an inherent fine arts aesthetics, abstracts the expression by redycing the figure. Through that act of touch between the artist and the substance we can also abstract the colour of necessary premises that stress the exploring in which it is not an aim for itself. From here the relation to the substance is built through experimenting and application of a modern technological method that is characteristic for the new aesthetics of the post-modern art.

Cvetkovski with his talent and forethought sublimes, though synthesis, the outer artistic influences-annexing them, and bringing the new technologies to the point in which his own imagination is in the first place. This synthesis is more like an inner waving that in front of the observer opens riddles as well as aesthetics of admiration in which the spiritual amalgam of art and life is strongly felt through the pictorial odyssey that continnes to last in our souls.



" ЖИВОТ"
масло на платно



" ИКАР "
масло на платно



" КОМПОЗИЦИЈА "
масло на платно



" ВО НОЌТА "
масло на платно

## РОБЕРТ ЦВЕТКОВСКИ

Роден 1965 година во Куманово. Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, 1989 година, во класата на Ана Темкова.
Работи во гимназијата во Крива Паланка како ликовен педагог.
Адреса: ул. "Маршал Тито" 75 Крива Паланка. Тел: 0901-375-538

## ROBERT CVETKOVSKI

Born in Kumanovo, 1965. Graduated 1989 on the Faculty of Fine Arts in Skopje.
Today works as a high school pedagogue in Kriva Palanka.
Adress: Marsal Tito st. 75, Kriva Palanka



- самостојни изложби:
  - 1994 - галерија "СТОБИ" - Скопје
  - 1994 - дом на културата - Кр. Паланка
  - 1995 - галерија "ПАЛАС" - Варна (Бугарија)
  - 1995 - дом на културата - Куманово
  - 1998 - дом на културата - Прилеп

Особено му се заблагодарувам
на: Драги Семенпеев - Цапе

" ОДСЈАЈ "
масло на платно



ПЕЧАТНИЦА
СОФИЈА
БОГДАНЦИ